**погледи-мислења-дилеми**

*Живко СОКОЛОСКИ, Светлана КАЛЈАЧА, Александра ЃУРИЌ*

# ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ ПРОЦЕСОТ НА СПОЗНАНИЕТО НА УМЕРЕНО МЕНТАЛНО РЕТАРДИРАНИТЕ ДЕЦА И МЛАДИНА

Процесот на спознанието е единствената психо-социјална појава, заснована врз сетилното искуство од кое произлегува сетилното спознание; со логичкото спознание што се постига со мислењето, и со научното спознание со помош на научните истражувања.

Кога говориме за спознанието на ментално ретардираните деца и младина, а особено на умерено МР, ние првенствено мислиме на сетилното спознание.

Успешното обучување на умерено ментално ретардираните деца и младина, пред с#, претпоставува пошироко и поцелосно познавање на нивните психофизички можности и способности. Современо конципираната, научно заснована и адекватно организирана воспитно-образовна работа со овие дека и младина ги остварува целите и задачите што произлегуваат од резултатите на егзактните истражувања на можностите на овие деца и младина и општествените потреби и услови за нивното вклучување во животот и работата на заедницата.

Ние знаеме дека интелектуалниот развој на умерено ментално ретардираните деца е прилично ограничен, како што се ограничени и нивните капацитети за водење на целосно независна егзистенција. Ние, сепак, не знаеме каков би можел да биде полниот опсег на интелектуалните или на социјалните потенцијали во животниот тек на овие лица, кога континуираното воспитание и образование би станало нивно право, како што е тоа за другите деца и младина. **Треба да се истакне дека постојат големи можности за континуиран емоционален и социјален развој на умерено ментално ретардираните лица, од раното детинство и натаму преку позрела возраст,** би им се овозможиле можности за учење. Ширењето на дефектолошкиот третман (предучилишен основноучилишен и професионален) во иднина, веројатно на овие лица ќе им даде можност за подобра социјална интеграција.

**Социјализацијата е третман, кој често во психијатриската и во педагошко-психолошката литература, означува сложен процес на изградба на личноста на детето**. Под тој процес се подразбира прогресивно намалување на нагонските и на другите егоистички тенденции, нивно социјално облагородување како и развивање на способностите на детето за прилагодување во општеството. Процесот на социјализацијата на тој начин

претставува процес на двократно влијание врз развојот на детето: од една страна како процес на сублимирање, односно ублажување на с# она што се означува со биолошко име, а од друга страна како процес на наградување на “социјалните органи” што се потребни за детското правилно вклопување во општествената заедница.

Социјализацијата претставува учење. Процесот на социјализацијата почнува мошне рано, веќе во времето кога детето преминува во фазата на разликување на мајката од себе и од објективната стварност и кога се наоѓа во состојба да се издвојува од таа стварност. Тое е **стадиум на таканаречениот симпатиско-магиски однос или партиципација.**

Со социјализацијата на ментално ретардираните, а особено на умерено МР најмногу се занимавал англискиот научник **Гунзберг**. Познати се неговите истражувања кај нас.

Првите истражувања на полето на социјализацијата на умерено МР кај нас, беа извршени во Домот во Сремчица во 1973 и во 1976 година. Мостра беа 224 УМР во обата случаи, а беа испитани на 120 ајтеми. Резултатите се дадени според возраста и IQ, а врз основа на три критериуми: сосема задоволува, задоволува и не задоволува.

**Резултатите на општите постигања во 1973 и 1976 се следните:**

| Критериуми | 1973 год. | | 1976 год. | |
|---|---|---|---|---|
| | Возраст | IQ | Возраст | IQ |
| Сосема задоволува | 35% | 30% | 45% | 40% |
| Задоволува | 40% | 35% | 35% | 40% |
| Не задоволува | 25% | 35% | 20% | 40% |

Овие резултати беа презентирани на VII научна сесија на дефектолозите во Москва во 1976 година во рефератот на тема “Современиот пристап на социјализација на умерено ментално ретардираните лица”.

Планот и програмата за воспитно-образовна работа со умерено ментално ретардирани деца и младина беше донесен во 1982 година (Просветни гласник Србије бр. 4/82).

*Планот за воспитно-образовна работа содржи 10 подрачја:*

- **САМОПОСЛУЖУВАЊЕ**,
- **РАЗВОЈ НА ГОВОРОТ И НА ЈАЗИКОТ**,
- **РАЗВОЈ НА ПСИХОМОТОРИКАТА**,
- **ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ПРИРОДНАТА И НА ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА**,
- **ФИЗИЧКО**,
- **РАБОТНО**,
- **ЛИКОВНО И МУЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ**,
- **СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ**,
- **ЛОГОПЕДСКА РАБОТА**.

Воспитно-образовната работа со умерено ментално ретардираните деца и младина на основноучилишна возраст се спроведува во воспитните заводи и домови, како и во посебни групи во ПОС. Третманот на овие деца и младина се спроведува на возраст од 7 до 15 години, односно до 19 години, што зависи од нивните психофизички способности, како и од доаѓањето во дом-училишта. **Воспитно образовните подрачја се поделени на нивоа. Секое ниво трае две години. Часот трае 30 минути**.

По донесувањето на Новиот план и програма за воспитно-образовна работа и неговата примена од почетокот на училишната 1982/83 година беа извршени бројни истражувања преку дипломските трудови, магистерските и докторските тези за можностите на умерено ментално ретардираните деца во совладувањето на програмските содржини од воспитно образовните подрачја на Наставниот план.

Од 1984 до 1998 година беа вршени многу истражувања на тема: Можностите на умерено МР во совладувањето на програмските содржини од воспитно-образовните подрачја. Ќе го презентираме компаративниот приказ на резултатите на умерено ментално ретардираните од истражувањата од 1984 и 1994 година во Сремчица и Ветерник.

**Преглед на постигања по воспитно-образовните подрачја:**

| **Подрачје** | **1984 год.** | **1994 год.** |
|---|---|---|
| Самопослужување | 86.7% | 92.7% |
| Развој на говорот и јазикот | 52% | 85% |
| Запознавање на природната и на општесвената средина | 43% | 77% |
| Работно воспитување | 47% | 78% |
| Ликовно воспитување | 45.5% | 75.2% |
| Музичко воспитување | 55% | 62% |
| Физичко воспитување | 59% | 89% |
| Социјален развој | 56.7% | 59.8% |
| Вкупно | 55.5% | 77.3% |

На полето на социјализацијата на умерено МР во претходниот период (1984-1998) имаше најмногу истражувања. Ќе презентираме две истражувања од 1984 (проф. д-р Ж. Соколовски) и од 1996 (Сања Стаменовиќ, студент).

Според Ж. Соколовски позитивни постигања имаше 54%, а според Сања Стаменовиќ 60,6%. Интересно е да се даде разликата на неуспешност во некои ајтеми кои во својот дипломски труд ги даде С. Стаменовиќ кои можат да се видат од следниот преглед:

| **А ј т е м и** | **1984 год.** | **1996 год.** |
|---|---|---|
| Не знае од каде | 41% | 23.5% |
| Не ја знае домашната адреса | 71% | 65% |
| Не им ги знае имињата на татко си и на мајка си | 38% | 25% |
| Не го знае името на установата | 60% | 42.5% |
| Не ги разбира забраните и ограничувањата | 37% | 0% |
| Не знае да се чува од опасности (струја, оган, вода, непознати луѓе) | 41% | 2.5% |
| Не оди самостојно надвор од установата (купување, кино, натпревар) | 86% | 72.5% |
| Не оди дома самостојно | 94% | 85% |
| Не се дружи со децата надвор од установата | 86% | 65% |
| Неадекватно се однесува надвор од установата | 57% | 10% |

Овој табеларен приказ јасно покажува дека едукацијата е подобрена за овие 12 години. Тоа е резултат на постудиозна и постручна работа во умерено МР, благодарејќи на новите научни достигања, како и на стручно пообучениот кадар од оваа област.

### ***Резултати на истражувањето од 1998 година***

За нашата тема: "**влијанието на социјалните фактори врз развојот на спознанието на умерено ментално ретардираните деца и младина**" Ние извршивме истражување во Домот во Сремчица. Беа истражувани 45 ајтеми. Со истражувањето ја опфативме целата програма на социјалниот развој и тоа: по 10 ајтеми од I, II и III ниво и 15 ајтеми од IV ниво. Покрај резултатите од опшите постигања, ги дадовме резултатите по пол, на календарска возраст (16-18 и 19-20 год.), по престој во Домот (до 5 и над 5 год.).

За оценување на резултатите имавме три категории: задоволува, делумно задоволува и не задоволува.

РЕЗУЛТАТИ НА ОПШТИТЕ ПОСТИГАЊА

Таб. 1: **I НИВО**

| **Критериумски тест** | **задоволува (%)** | **делумно (%)** | **не (%)** |
|---|---|---|---|
| 1. Самостојно облекување | 98 | 2 | 0 |
| 2. Самостојно соблекување | 96 | 4 | 0 |
| 3. Навикнување на режим на денот во домот | 72 | 28 | 0 |
| 4. Дружење со деца во воспитаната група | 66 | 32 | 2 |
| 5. Дружење со деца надвор од групата | 60 | 36 | 4 |
| 6. Учтиво поздравување (“Добар ден”, “Здраво”) | 78 | 20 | 2 |
| 7. Учтиво обраќање кон другите деца (“Ве молам”, “Фала”) | 76 | 20 | 4 |
| 8. Извршување на едноставни наредби (“Стани”, “Седи”, “Дај ми го тоа”, “Остави го тоа”) | 96 | 4 | 0 |
| 9. Чување на своите нешта и на фаќање на тугите | 62 | 30 | 8 |
| 10. Придржување на основните ограничувања (да не се фаќаат предметите и уредитешто се опасни по живот) | 74 | 22 | 4 |
| **Вкупно** | **77.8** | **19.8** | **2.4** |

Таб. 2: **II НИВО**

| **Критериумски тест** | **задоволува (%)** | **делумно (%)** | **не (%)** |
|---|---|---|---|
| 11. Групни игри во кој секој член ја игра својата улога | 54 | 42 | 4 |
| 12. Навика да им помага на другите деца во облекувањето, соблекувањето и во давање помош во другите ситуации | 62 | 22 | 16 |
| 13. Навики да се држи ред, стоење во редот на влезот во трпезаријата, автобусот и слично. | 66 | 32 | 2 |
| 14. Поздравување при средба (Добар ден, Добровечер, Лека ноќ, Довидување) | 80 | 18 | 2 |
| 15. Учтиво обраќање кон други лица (Ве молам, Извините, Дозволете) | 70 | 26 | 4 |
| 16. Внимателно слушање кога зборат други | 66 | 32 | 2 |
| 17. Пристојно однесување во трпезаријата, во работната соба, во дворот и во другите простории на Домот) | 64 | 36 | 0 |
| 18. Извршување на едноставни налози со упатство | 92 | 8 | 0 |
| 19. Чување на домски предмети (мебел, прозорци и друго) | 80 | 18 | 2 |
| 20. Избирање на омилени играчки, предмети и средства за играње | 74 | 26 | 0 |
| **Вкупно** | **70.8** | **26** | **3.2** |

Таб. 3: **III НИВО**

| **Критериумски тест** | **задоволува (%)** | **делумно (%)** | **не (%)** |
|---|---|---|---|
| 21. Поимот за самиот себе-дали | 44 | 32 | 24 |
| 22. Дружење со деца од СОУ и од редовните училишта (посети, натпревари и слично) | 60 | 34 | 6 |
| 23. Познавање на парите и ракување со нив | 32 | 42 | 26 |
| 24. Извршување на мали купувачки во киосците, самопослугите и во другите продавници (чоколади, бонбони, цигари и др.) | 38 | 34 | 28 |
| 25. Чуствување на одговорност за своите постапки | 28 | 54 | 18 |
| 26. Правилен однос кон спротивниот пол | 62 | 30 | 8 |
| 27. Дружење со своите врсници и со врсниците од спротивниот пол | 64 | 36 | 0 |
| 28. Однесување кон помладите деца и кон постарите (давање помош) | 64 | 28 | 8 |
| 29. Адекватно однесување во разни животни ситуации (при јадењето, при играта, по повод разговор со постарите, по повод барањето и давање на известување и слично) | 42 | 52 | 6 |
| **Вкупно** | **47.8** | **37** | **15.2** |

Таб. 4: **IV НИВО**

| **Критериумски тест** | **задоволува (%)** | **делумно (%)** | **не (%)** |
|---|---|---|---|
| 31. Сфаќањето на интеграцијата-нормализацијата во општеството (контакти со средината, посети, летување, натпревари) | 42 | 50 | 8 |
| 32. Сфаќање на опасни ситуации и адекватни реакции во нив | 54 | 42 | 4 |
| 33. Помош на другарот во опасна ситуација | 46 | 38 | 16 |
| 34. Извршува купување во различни продавници | 28 | 32 | 40 |
| 35. Си купува за себе облека и обувки (ги знае броевите) и другите предмети за лична употреба | 20 | 8 | 72 |
| 36. Пошта, испраќа писма и телефонирање | 22 | 28 | 50 |
| 37. Правилен однос кон другарите и кон другарките (другарство, пријателството и љубов) | 46 | 50 | 4 |
| 38. Адекватно однесување во фрустрациони ситуации | 22 | 62 | 16 |
| 39. Сфаќање на значењата на некои морални поими и односи (исполнување на ветувањата, доверба, чување тајни) | 30 | 52 | 18 |
| 40. Елиминирање на непристојно однесување во разни ситуации (пцости, озборување, оплакување, лажење) | 28 | 56 | 16 |
| 41. Готовност да ја прими критиката, прекор или осуда поради однесување во определени ситуации | 30 | 62 | 8 |
| 42. Да побара-именува некоја стока во продавница, а не само да укаже на неа | 54 | 28 | 18 |
| 43. Снаоѓање во определени ситуации во определни места (купување на билети на автобуска или железничка станица, да го пронајде својот автобус или воз на перонот) | 28 | 26 | 46 |
| 44. Одење во Белград самостојно (кино, театар, стадион) | 20 | 14 | 66 |
| 45. Давање на податоци на лица, што треба да му помогнат во определени ситуации (полицаец и друго) | 32 | 36 | 32 |
| **Вкупно** | **33.5** | **38.9** | **27.6** |
| **Вкупни општи постигања:** | **54.8** | **31.4** | **13.8** |

Интересно е да споредат позитивните достигања во истражувањето на социјалниот развој кај умерено МР во 1984 (54%) и во 1998 (54.8%). Врз основа на овие резултати можеме да заклучиме дека за 14 години немало напредок. Меѓутоа, мораме поинаку да ги набљудуваме овие резултати, зашто ако го додадеме резултатот “делумно задоволува” од 31,4%, тогаш позитивното достигање било 86,2%. Ние мораме да ги набљудуваме и вкупните постигања во сите воспитно-образовни подрачја (во 1984 година имаше 55,5%, а во 1997 година 73,5%), зашто од 1984 до 1997 година имаме подобри резултати за 18%. Ова не наведува на размислување дека сознанијата од програмата за социјализација влијаат врз спознанијата во другите воспитно-образовни подрачја. На ваквите размислувања, односно посредни заклучувања не наведуваат резултатите по нивоа. Така на I ниво имаме 77,8% позитивни достигања, на II ниво 47,8%, на III ниво 70,8% и на IV ниво 33,5%. Основните програмски содржини на социјалниот развој на I и II ниво најмногу се во корелација со програмските содржини на другите воспитно-образовни подрачја.

Од ова истражување треба да се истакне дека машкиот дел на популацијата е подобар од женскиот 57,1%:52,5% позитивни постигања.

Значителна разлика се појавува по календарската возраст во корист на оние што имаат 19 и 20 години според оние кои имаат 16-18 години 64%:44,8%. Постарите се подобри за 20%.

**Што се однесува на престојот во домот до 5 и над 5 години резултатите се речиси идентични 57,1%:52,8%. Разликата е минимална (4,7%) во корист на оние што престојуваат во домот до 5 години. Ова сосема не е логично, зашто би требало да биде обратно, а не е во сообразност ниту со резултатите по календарска возраст.**

### *Заклучок*

Со ова истражување добивме значителни резултати за можностите на умерено ментално ретардираните деца и младина во совладувањето на програмските содржини од социјализацијата. Резултатите покажуваат дека постои голема разлика помеѓу I и II во однос на III и II ниво. Се однесува на големи разлики во програмските содржини, но и во реализацијата на програмата. Не се посветува адекватно внимание на реализацијата на програмските содржини за запознавање на пошироката околина, а особено е запоставено поглавјето СОЦИЈАЛНА ИНИЦИЈАТИВА.

### *Резиме*

Предмет на истражувањето се умерено ментално ретардираните деца и младина и нивните можности за совладувањето на програмските содржини со воспитно-образовното подрачје на СОЦИЈАЛНИОТ РАЗВОЈ.

Истражувањето беше изведено според мострата од 50 умерено ментално ретардираните испитаници во Домот за деца и младина со пречки во менталниот развој во Сремчица.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека околу 55% се позитивни достигања. Истражувањето ни укажа дека спознанијата од потесната околина (дом семејство) се далеку подобри до спознанијата на поширокта околина. Со ова дојдовме до заклучок дека не & се посветува адекватно внимание на реализацијата на програмските содржини кон запознавање на пошироката околина, особено слабо се обработува поглавјето СОЦИЈАЛНА ИНИЦИЈАТИВА на IV ниво.

Знаеме дека постојат две основни цели во рехабилитацијата на умерено ментално ретардираните: социјализација и работно оспособување. Ако не оствариме една од овие цели (социјализација) не сме ја оствариле рехабилитацијата.

Резултатите од истражувањето сепак ни покажуваат дека социјализацијата битно влијае врз сознајниот развој на умерено ментално ретардираните.

*Клучни зборови:* умерено метнална ретардација, социјализација, спознание, развој.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Ајдински, Љ. Интегрална рехабилитација ментално ретардираних лица Јкдс Београд, 1982.
2. Виготски, Л. Основи дефектологије, Завод за уђбенике и наставна средстава, Београд, 1987.
3. Гунсберг,Х. Процјена способности код умерено и тезе ретардиране дјеце, Загреб,1973.
4. Јакулиќ, С. Медицинске основе менталне ретардације, Завод за уђбенике и наставна средстава, Београд, 1993.
5. Група аутора-Приручник за рад са умерено, теже и тешко МЗЛ, Институт за социјалну политику, Београд, 1998.
6. Радуловиќ, К. Психологија и психопатологија ментално ретардираних, Научна књига Београд, 1998.
7. Соколовски, Ж. Евалуација плана и програма васпитно-образовног рада са умерено и теже МРЛ у заводима и домовима СФРЈ, Докторска дисертација, Београд, 1985.
8. Соколовски, Ж. Савремени приступ социјализацији умерено МРЛ, Реферат на VII научној сесији дефектолога у Москви 1997.
9. Соколовски, Ж. Предшколско васпитавање МРД, Савез друштава за помоћ МНР Београд, 1997
10. Соколовски, Ж. Третман умерено ментално ретардираних лица, Савез друштава за помоћ МНРО, Београд, 1997.
11. Tredgold,A.F.A. Textbook of mental Defecienci, Baltimor Wood, 1973.
12. Teaching the Moderatelu and Severly Nandicapped, Univesity, Park, Pres Baltimor, London, Tokyo, 1987

*Zivko SOKOLOSKI, Svetlana KALJACA, Aleksandra DJURIC*

## SOCIALIZATION INFLUENCE ON KNOWLEDGE DEVELOPMENT OF MEDIUM MENTALLY-RETARDED CHILDREN AND YOUTH

The subjects of the research are mentally-retarded children and youth, and their possibilities in overcoming the programme contents from educational-upbringing area-SOCIAL DEVELOPMENT. The research has been conducted in Sremcica-Home for Mentally Disrupted Children and Youth. Results of the research presents approximately 50 percent of the positive accomplishments.

The research has indicated to us that knowledge learned from a narrow environment (home, family) are much better than ones learned from an expansive environment. By these facts we came to the conclusion that the adequate attention hasn't been paid in realization of the programme contenses concerning familiarizing the expansive environment, especially in the charter SOCIAL INITIATIVE. We know that two basic goals in rehabilitation is not achieved too. However, the results of the research approve us that socialization has essential influence on the knowledge development of the medium mentally retarded

Key words: medium mentally retardation, socialization, knowledge development